# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ |
| Одговорно лице и контакт информации: | cabinet@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒ Нацрт<br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго ____________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | ____________ 2015 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ____________ 2015 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | ____________ 2015 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Во Република Македонија материјата за одговорност на судиите е уредена во Уставот на Република Македонија, во Законот за судовите и во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во Амандманот XXVI се пропишани основите за престанок на судиската функција[1] и основите за разрешување на судија[2].

Уставниот амандман XXVI е операционализиран во Законот за судовите и во Законот за Судскиот совет на Република Македонија. Имено, одговорноста на судиите е поделена на три нивоа: нестручно и несовесно вршење на судиската функција, потешка дисциплинска повреда и дисциплинска повреда. За првите два основа е пропишано задолжително разрешување на судијата, додека кај третиот е оставена можност за изрекување друга дисциплинска мерка (писмена опомена, јавен укор или намалување на платата во висина од 15 % до 30 % од месечната плата на судија во траење од еден до шест месеца).

Во членот 75 од Законот за судовите е пропишано дека под нестручно и несовесно вршење на судиската функција се подразбира незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае врз квалитетот и ажурноста во работењето, и тоа:

- ако во текот на една календарска година Судскиот совет на Република Македонија утврдил неефикасно и неажурно водење на судската постапка по вина на судијата, кога судијата по негова вина во повеќе од пет предмети ги пречекорил законските рокови за преземање на процесните дејствија, законските рокови за донесување, објавување или изготвување на судските одлуки, или ако во текот на една календарска година повеќе од 20% од вкупниот број на решени предмети му се укинати или повеќе од 30% од вкупниот број на решени предмети му се преиначени,

- несовесно, ненавремено или немарно вршење на судиската функција во водењето на судската постапка по одделни предмети,

- пристрасно водење на судската постапка, особено во однос на еднаквиот третман на странките,

---

[1] На судијата му престанува судиската функција:
- ако тоа сам го побара;
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на судиската функција, што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија;
- ако ги исполни условите за старосна пензија;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца и
- ако е избран или именуван на друга јавна функција, освен когасудиската функција мирува под услови утврдени со закон.

[2] Судијата се разрешува:
- поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен завршење на судиската функција пропишана со закон и
- поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон.

- постапување со предметите спротивно на начелото за судење во разумен рок, односно одолжување на судската постапка без постоење законски основ,

- неовластено издавање на класифицирани информации,

- јавно изнесување информации и податоци за судски предмети за кои не е правосилно одлучено,

- намерно повредување правилата за правично судење,

- злоупотребување на положбата или пречекорување на службените овластувања,

- повреда на прописите или на друг начин нарушување на независноста на судиите при судење,

- грубо повредување на правилата на Судискиот кодекс со кој се нарушува угледот на судиската функција и

- ако е донесена одлука од страна на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на правото на правично судење согласно со членот 6 од Европската конвенција за човекови права или е донесена одлука на Врховниот суд на Република Македонија со која е утврдена повреда на правото за судење во разумен рок, како резултат на постапување на судија.

Потешка дисциплинска повреда за која се поведува постапка за дисциплинска одговорност на судија за разрешување се смета:

1) потешка повреда на јавниот ред и мир со која се нарушува неговиот углед и угледот на судот;

2) потешка повреда на правата на странките и на другите учесници во постапката со што се нарушува угледот на судот и судиската функција;

3) повреда на начелото на недискриминација по кој било основ и

4) непостигање на очекуваните резултати во работата повеќе од осум месеци без оправдани причини што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија преку бројот на решени предмети во однос на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно утврден со одлука на Судскиот совет на Република Македонија.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Причина за дополнувањето на Законот за судовите е да се отстранат недостатоците во досегашната примена на законот во однос на постапувањето на судиите и почитувањето на роковите од други закони.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на законот е да се подобрат одредбите за одговорност на судиите во однос на почитувањето на законските рокови за преземање на дејствија.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се донесе предложениот закон се доведува во прашање поведувањето постапки за одговорност на судии за непочитување на законски рокови пропишани во одредени закони.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Најсоодветно решение заради надминување на наведените слабости е да се донесе предложениот закон.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

### *4.3 Социјални влијанија*

Предложените законски одредби ќе ја зголемат правната сигурност во Република Македонија.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во текот на подготовката на предлог законот, земени се предвид сугестиите од Агенцијата за управување со одземен имот во делот на постапката со привремено одземени предмети.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за судовите содржи два члена.

Со членот 1 се додава нов дел во еден од постојните основи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција кој се однесува на непочитување на законски рокови пропишани во одредени закони.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Судскиот Совет на Република Македонија и Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Обука која ќе биде спроведена преку Академијата за судии и јавни обвинители.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Собирање, обработка и анализа на податоци.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Ефектите од примената на законот ќе бидат мерени преку поведените постапки за одговорност на судија и изречените мерки согласно новиот основ.

**Изјава од министерот**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**

.......................................................

**потпис на државниот секретар**